Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 04-6545/19
Скопје/Shkup__________година/viti
21 -07- 2025

Врз основа на член 45 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во Јавното претпријатие за државни патишта бр. 487/2025, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта донесе

ОДЛУКА
За избор на кандидат по јавен оглас број 487/2025

1. За пополнување на слободно работно место со шифра КДР0102Г03009 Референт за документација, во Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, Сектор за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, 1 (еден) извршител, по пат на јавен оглас број 487/2025, се избира кандидатот:
   - Дина Стојановска, со идентификациски код 6094EDB

2. Именованата ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас за спроведување на постапка за избор на 1 (еден) кандидат за вработување на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта, формирана со Решение број 10-1335/3 од 30.06.2025 година и Решение број 10-1335/6 од 17.07.2025, донесени од Директорот на Агенцијата за администрација во функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за работно место од точка 1 на оваа Одлука, а по објавениот јавен оглас за вработување број 487/2025 од 12.06.2025 година, објавен во дневните весници "Слободен печат", "Вечер" и "Коха", спроведе постапка согласно Законот за администартивни службеници.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место КДР0102Г03009 Референт за документација, во Одделение за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, Сектор за инвестиции и градба на патишта со средства од РМ, 1 (еден) извршител, по извршената административна селекција на ден 02.07.2025 година (Записник бр. 10-1335/4 од 02.07.2025 година.), спроведениот

испит за административен службеник на ден 16.07.2025 година (Записник бр. 10-1335/5 од 16.07.2025 година), спроведената проверка на веродостојноста на доказите и интервју за администативен службеник на ден 18.07.2025 година (Записник бр.10-1335/7 од 18.07.2025 година), Комисијата изготви и достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас број 487/2025 со број 10-1335/8 од 18.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното и врз основа на Предлогот на кандидати за вработување, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување то на одлуката на веб страната на Агенцијата.

В.Д.Директор
Коце Трајановски

Доставено до:
- Агенција за администрација (2 примерока)
- Именованиот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Изработил: Албана Бајрами
Контролирал/Одобрил: Даниела Тасевски

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
rr. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut
Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk